# Начин на работа во ОИЛ при УК Церапаша-Истанбул и одделот за гинекологија и акушерство



Јзу Општа болница- Куманово
УК Церапаша-Истанбул
05.12.2015- 23.12.2015
Снежана Захариева
31.04.2016

# Начин на работа во ОИЛ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На ОИЛ поминав една недела под менторство на проф. Октај Демиракан. На овој високо специјализиран ОИЛ беа сместени шест критично болни пациенти, сите во коматозна состојба. Од нив четири беа на респиратор, два на спонтана вентилација со трахеостомски канили. Благодарение на извонредната грижа и адекватна терапија двајца од нив беа без антибиотик и ниеден од нив немаше декубит. Сите подолго лежечки пациенти беа на ентерална нутриција преку гастростома, а само еден пациент беше на парентерална исхрана заради хематемеза. Техничката опременост и лекарствата кои се користат се на завидно ниво. Сите пациенти се во посебни простории. Секој има посебен аспиратор, респиратор, машина за компресија и декомпресија на долни екстремитети, посебни сретства за тоалета и хигиена и антидекубитусни душеци. Една од пациентките беше со ХБИ и секој ден се правеше дијализа под надзор на проф. Октај. Антибиотската терапија секогаш се одредува во консултација со инфектолог по добиени микробиолошки наоди. За време на мојот престој правев венепункција на периферни вени, артерии, гледав со бронхоскоп и имав прилика да видам промена на положба на пациент кој е во кома од supine во prone позиција заради подобра белодробна вентилација.


4

За време на престојот на овој оддел се запознав и со водење анестезија за ургентни операции, нпр за ургентна лапароскопска холецистектомија. Седацијата и воведот во анестезија се исти како што ние практикуваме, но интубацијата е со недеполаризантен релаксант-Esmeron. Се применува low flow ventilation: $O_2$ - 0,6 l/min + $N_2O$ – 1 l/min + Sevoflurane 2%. Будењето е со Beridion- специфичен антидот за Esmeron.

Имавме и повици во итна медицинска помош за интубација и консултација за терапија.




S/5 Avance
Datex-Ohmeda

# Заклучоци/Научени лекции

Сметам дека она што го видов и работев на универзитетската клиника Церапаша, особено водењето анестезија може без проблем да се примени кај нас, со набавка на адекватна апаратура, лекарства и други сретства за работа. Секако потребен е и доволно адекватен, стручно оспособен персонал за непречено одвивање на работата.